И З В Р Ш И Т Е Л
Славе Дончев
именуван за подрачјето на
Кочани,Берово,Делчево и Виница
ул. Маршал Тито бр.54/2
тел. 033 277-007

Образец бр.29

И.бр.1365/25

Извршителот **Славе Дончев** од **Кочани** врз основа на барањето за спроведување на извршување од **доверителот ТДВИЛПВ - Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани преку полномошник адвокат Ангела Соколова од Кочани** со седиште на ул. Крижевска бр. 52, засновано на извршната исправа НПН бр.557/25 од 21.07.2025 на Нотар Славчо Алексов, против **должникот Јавно претпријатие за комунални работи СОЛИДАРНОСТ со целосна одговорност Виница од Виница** со седиште на ул.Плачковички одред б.б, за спроведување на извршување во вредност 442.500,00 ден., на ден 13.11.2026 година го донесува следниот:

:

З А К Л У Ч О К

ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

1. **ПМВ марка HYUNDAI, тип ACCENT 1.3 GL-4VR, број на шасија KMHCG41FP1U158436, број на мотор G4EAY914586, регистарска ознака VI-2414-AC, жолта боја**
   Износ од 36.910,оо денари

2. **ПМВ марка SKODA, тип OCTAVIA, број на шасија TMBAG6NE5D0029071, број на мотор 089 174, регистарска ознака VI-2404-AC, бела боја**
   Износ од 381.407,оо денари

3. **ПМВ марка PEUGEOT, тип 106, број на шасија VF31CCDYE51776817, број на мотор 2110768, регистарска ознака VI-2425-AC, бела боја**
   Износ од 43.062,оо денари

4. **ПМВ марка FORD, тип MONDEO 1.8 TD, број на шасија WF0NXXGBBNXS55706, број на мотор XS55706, регистарска ознака ST-332-KM, бела боја**
   Износ од 18.455,оо денари

5. **ПМВ марка FIAT, тип 176/ PUNTO, број на шасија ZFA17600000789671, број на мотор 7417791, регистарска ознака ST-152-KM, црвена боја**
   Износ од 24.607,оо денари

кои се наоѓаат во сопственост и владение на должникот Јавно претпријатие за комунални работи СОЛИДАРНОСТ со целосна одговорност Виница од Виница со седиште на ул. Плачковички одред б.б, со вредност утврдена со Заклучок за

утврдување вредност И.бр. 1365/25 од 05.11.2026 година во износ од **504.442,оо денари**, која вредност претставува почетна цена за првото усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: Нема.

Продажбата ќе се одржи на ден 02.12.2026 година во 12:00 часот во просториите на Извршител Славе Дончев со седиште на ул. Маршал Тито бр.54/2, Кочани.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен Весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на подвижните предмети.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210068434840226 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број МК5013013503330.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Сите даноци и давачки кои произлегуваат од продажбата паѓаат на товар на купувачот.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат кај должникот Јавно претпријатие за комунални работи СОЛИДАРНОСТ со целосна одговорност Виница.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Славе Дончев

Д.-на: Должник
Доверител
Архива

Правна поука: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.